# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО



| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 8<br>год. 24** |



**Општина Чучер - Сандево, Јуни 2021 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува по потреба** | **понеделник 21 јуни 2021 година** | **Бр.8 Год.24** |


27.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВА НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2021 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2021 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **47-та** седница**,** одржана на **17 јуни 2021** година.

**Бр.09-673/1**
**21.6.2021 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа Службен весник на РМ бр.5/2002 год. и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа Службен весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09,192/15, 209/18 и Службен весник на РСМ 244/19), Советот на Општина Чучњр-Сандево на **47-та** седница, одржана на 21.06.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2021 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | Буџет | Самофинан | Дотации | Донации |
|---|---|---|---|---|---|
| **JD** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | - **300.000** | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | - | 300.000 | 0 | 0 | 0 |
| **ЈІ** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | - | **460.000** | | | |
| 482320 | Изградба на пречистителни станици и колектори | - | 460.000 | 0 | 0 | 0 |
| **FA** | **Уредување на градежно земјиште (капитални расходи)** | | **760.000** | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | | 760.000 | | | |
| | | | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чучер Сандево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2021 година.

**Бр. 645/3**
**17.06.2021 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**Претседател**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 28.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА МОНТАЖНО УЖИЛИШЕ НА КП 2794/1 КО БЛАЦЕ КАЛЕ**

Се објавува **Одлука за ослободување од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште за изградба на монтажно училиштен а КП 2794/1 КО Блаце Кале**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **47-та** седница, одржана на **17 јуни 2021** година.

**Бр.09-673/2**
**21.6.2021 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,), член 59 став 13 од Законот за градење (“Службен весник на Р.М.” бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **47-та** седница одржана на **17.06.2021** година, донесе

# О Д Л У К А

**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА МОНТАЖНО УЧИЛИШТЕ НА КП 2794/1 КО БЛАЦЕ КАЛЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука инвеститорот Општина Чучер-Сандево се ослободува од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште за изградба на монтажно училиште со три училници на КП 2794/1 КО Блаце Кале м.в.Барди Мало, Опшина Чучер-Сандево.

**Член 2**

Надоместокот од член 1 на оваа одлука изнесува 44.416,00 денари, согласно Пресметка за надомест за уредување на градежно земјиште бр.11-420 од 04.06.2021 година.

**Член 3**

Оваа одлука да се достави до Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-645/4**
**17.6.2021 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

стр

**27.** **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2021 година................................ 1**

**28.** **Одлука за ослободување од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште за изградба на монтажно училиштен а КП 2794/1 КО Блаце Кале....................................... 2**